# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **06.06.2019 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 9** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за пристапување кон реализација на Проект – Нордиска поддршка за напредок на Република Северна Македонија финансиран од Норвешка и Шведска бр. 0801- 476 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 06.06. 2019 година.

**Бр.0901- 478**
**06.06. 2019 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 06.06. 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за пристапување кон реализација на Проект – Нордиска поддршка за напредок на Република Северна Македонија финансиран од Норвешка и Шведска**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност да се отпочне со реализација на Проектот Нордиска поддршка за напредок на Република Северна Македонија финансиран од Норвешка и Шведска.Целите на проектот се: Подобрен пристап до вработување; Зајакната социјална вклученост, подобрени животни услови и локална инфраструктура; Зајакнување на капацитетите за ЕУ интеграција и Подобрување на капацитетите на медиумите и НВО секторот за следење на интегративниот процес.

**Член2**

За реализација на Проектот од член 1 од оваа Одлука се дава согласност да се номинира лице што има искуство во работата на вакви проекти кое што ќе ја подготвува проектната апликација и ќе биде надлежно и одговорно за сите активности поврзани со реализацијата на проектот во согласност со правилата на проектните програми и националното законодавство.

**Член 3**

Одлуката страпува на сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801- 476** **Совет на Општина Свети Николе**

**06.06. 2019 година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

## З А К Л У Ч О К

За објавување на Решение за избор на членови во состав на локалниот Економско-социјален совет на Општина Свети Николе бр. 0801- 477 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 06.06. 2019 година.

**Бр.0901- 478/2** **Општина Свети Николе**
**06.06. 2019 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 в.в. со член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.05/02), Одлуката за пристапување кон основање на локален Економско-социјален совет на Општина Свети Николе бр.0801-346 од 20.05.2015 година на Советот на Општина Свети Николе и член 4 од Спогодбата за основање локален Економско-социјален совет на Општина Свети Николе бр.0901-490 од 27.08.2015 година, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 06.06.2019 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за избор на членови во состав на локалниот Економско-социјален совет на**

**Општина Свети Николе**

**Член 1**

За членови во состав на локалниот Економско-социјален совет на Општина Свети Николе како преставници на Општина Свети Николе се избираат:

- М-р Сашо Велковски
- Кристијан Бошков
- Сашко Стаменков
- Даниела Арсенова Лазарова

Како членови-преставници на Организацијата на работодавачи на Македонија се избираат:

- Ристе Гонев - ,,ЛИОН,,
- Гоце Трајчев - ,,МИК,,
- Ѓорги Стојанов - ,,БИМ,,
- Ангел Димитров - ,,МОДА,,

Како членови-преставници на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија се избираат:

- Владо Јованов
- Ленче Стојчева

Коко членови-преставници на Сојуз на синдикати на Македонија се избираат:

- Јанка Јованова
- Рената Донева

**Член 2**

Мандатот на членовит на локалниот Економско-социјален совет трае 4 (четири) години.

**Член 3**

Решението стапува на сила веднаш и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801- 477** **Совет на Општина Свети Николе**

**06.06. 2019 година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А


1.Одлука за пристапување кон реализација на Проект –Нордиска поддршка

за напредок на Република Северна Македонија финансиран од Норвешка и Шведска . . . . . . . .стр.1

2.Решение за избор на членови во состав на локалниот Економско-социјален

совет на Општина Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.3


**Бр. 0801- 479**
**06.06. 2019 година**
**Свети Николе**